**20161924409**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

## I
## ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на оваа програма со терапија и лекови кои досега се применувани во лекување на некој од ретките болести се очекува дека за 2017 година ќе бидат потребни средства во вкупен износ од 210.000.000,00 денари:

| Активности | Вкупен износ |
|---|---|
| Лекување на пациенти со ретки болести без разлика на статусот на осигурување | 210.000.000.00 |
| Вкупно: | 210.000.000.00 |

## II
## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 50.000.000,00 денари кои се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2017 година и 160.000.000.00 денари обезбедени од сопствени приходи на Министерство за здравство.

## III
## ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Лековите за терапија на лицата заболени од ретки болести ќе ги набавува Министерството за здравство врз основа на јавна објава, а дистрибуирањето до јавните здравствени установи извршители на активностите, врз основа на доставена потреба за спроведување на терапијата, ќе ги обезбедуваат добавувачите кои ќе бидат избрани како најповолни на јавниот повик, додека јавните здравствените установи кои се извршители на активностите задолжително ќе водат евиденција за пациентите и дадената терапија.

## IV
## СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Министерството за здравство го следи спроведувањето на оваа програма и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

V
## ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Јавните здравствените установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 31.01.2018 година да достават до Министерството за здравство годишни извештаи за реализираните мерки и активности во 2017 година, предвидени со оваа програма.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7819/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Никола Тодоров,** с.р.